РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 09-1520/15
07.11 20.22 год.
Василево

Национална група за осигурување
АД ... ПОЛИСА
Бр. 08-6381/2
07.11. 2022 год.
Скопје

# ДОГОВОР

Склучен на ден ____________________ во Василево помеѓу:

**I.Договорни страни**

1. Општина Василево - Василево, претставувана и застапувана од Градоначалникот Славе Андонов, (во понатамошниот текст како Нарачател) буџетски корисник 70901-40800-630-14, жиро сметка 1000000000630-95, депонент Народна Банка на РМ и
2. Национална групација за осугурување Осигурителна Полиса АД Скопје Булевар Св.Климент Охридски бр.26 Скопје, претставувана и застапувана од одговорното лице Владимир Тошевски (во понатамошниот текст како Добавувач), со ЕДБ МК: 4030005548374, ЕМБС 5983681 и жиро сметка: 290100000049710, депонент на ТТК Банка АД Скопје.

**II. Предмет на договорот**

**член 1**

Предмет на овој Договор е јавна набавка јавната набавка на услуги, за осигурување на имотот на општина Василево, имотот на ООУ Гоце Делчев с. Василево, имотот на ООУ Атанас Нивичански с.Нова Маала и имотот на ЈОУДГ ,,Прва радост Василево за период од 1 (една) година.

**III. Вредност на договорот**

**член 2**

Единечната цена на услугата без ДДВ изнесува: **79.245** денари (со букви: седумдесетидеветилјади и двестечетириесетипет денари). Цените искажани во понудата на осигурувачот се фиксни за целото времетраење на Договорот.

**IV. Времетраење на договорот**

**член 3**

Договорот се склучува за период од 1 (една) година.

**V. Динамика на испорака на услугата, услови и рокови за плаќање**

**член 4**

Добавувачот е должен испораката на предметот на договорот да го достави во архивата на општина Василево.

Плаќањето на премијата ќе се врши на четири еднакви месечни рати по доставената фактура од осигурувачот за извршената услуга со рок на плаќање од 30 (триесет) дена.

**VI.Обврска на осигурувачот**

**член 5**

Осигурувачот се обврзува да достави полиси за осигурување со рок на важење до истекот на договорот, чиј составен дел се условите за осигурување наведени во полисите.

**VII. Обврски на договарачот**

**член 6**

Договарачот се обврзива дека ќе ја исплати вкупната премија за извршеното осигурување.

**VIII. Рок на исплата на оштетено побарување**

**член 7**

Настанатите штети на договарачот ќе се исплаќаат од страна на осигурувачот за 1 (еден) ден по комплетирањето на потребната документација.

## IX. Решавање на спорови

**член 8**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се дојде до прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд.

## X. Раскинување на договорот

**член 9**

Кога една од договорните страни нема да ја испони својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат.

## XI. Корупциско или измамничко однесување

**член 10**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## XII. Применлив закон

**член 11**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Р.Македонија.

## XIII.Завршни одредби

**член 12**

Овој договор се смета за склучен, со денот на неговото потпишување од двете договорени странки.

Догпвпрните странки можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**член 13**

Овој Договор е склучен во 5 (пет) истоветни примероци од кои по 3 (три) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

**Договорни страни:**

| **НАБАВУВАЧОТ:** | **ДОБАВУВАЧОТ:** |
| --- | --- |
| Општина Василево | Осигурителна Полиса АД Скопје |
| Градоначалник | Одговорно лице |
| Славе Андонов | Владимир Тошевски |

Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ